# Северна Македонија 2018-2019

## Учење во раните одделенија и учество на родителите

MICS
Multiple Indicator Cluster Surveys

Republic of North Macedonia State Statistical Office
unicef

### Учење во раните одделенија: ЦОР 4.1.1(а) (возраст за 2/3 одделение)

#### Основни вештини за читање: ЦОР 4.1.1.(а) (i: читање)




*Процент на деца на возраст за 2/3 одделение кои можат 1) точно да прочитаат 90% од зборовите во расказот, 2) да одговорат на три прашања за буквални значења и 3) да одговорат на две прашања за изведени значења

#### Основни вештини со броеви: ЦОР 4.1.1.(а) (ii: писменост за броеви)




*Процент на деца на возраст за 2/3 одделение кои можат успешно да исполнат задачи со 1) читање броеви, 2) разликување броеви, 3) собирање и 4) препознавање и дополнување на шеми

## Клучни пораки

- 45 проценти од децата во 2 и 3 одделение имаат основни вештини за читање - т.е. можат правилно да прочитаат 90 проценти од зборовите во расказот, да одговорат на три прашања за буквални значења и две прашања за изведени значења. 68 проценти успеале правилно да ги прочитаат зборовите, а само половина точно одговориле на прашањата за изведени значења.
- 26 проценти од децата во 2 и 3 одделение имаат основни вештини со броеви – читање и разликување броеви, собирање, и препознавање и дополнување на шеми. 68 проценти успешно разликуваат броеви, но само 41 проценти успеале во задачите за собирање и препознавање и дополнување на шеми.
- Од децата на возраст 7-14 години, девојчињата ги надминуваат момчињата во основните вештини за читање, 70 проценти имаат основни вештини за учење во споредба со 58 проценти од момчињата.Од друга страна, момчињата покажуваат подобри основни вештини со броеви од девојчињата - 47 проценти наспроти 35 проценти.
- Генерално, децата од најбогатиот квинтил покажуваат далеку подобри резултати и во вештините за читање и во вештините со броеви во споредба со децата од најсиромашните квинтили.
- Околу 60 проценти од децата на возраст 7-14 години имаат три или повеќе книги за читање дома, со значителни разлики помеѓу децата од најбогатите и најсиромашните квинтили - 96 проценти во споредба со 18 проценти.

## Учење во раните одделенија: распределба (возраст 7-14 години)

### Распределба на основни вештини за читање




### Основни вештини за читање според квинтилот на богатство

| Квинтил на богатство | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Национално ниво** | 58 | 70 | 64 |
| Најсиромашен | 53 | 40 | 47 |
| Втор | 45 | 71 | 56 |
| Среден | 66 | 81 | 75 |
| Четврти | 67 | 82 | 76 |
| Најбогат | 73 | 86 | 79 |

### Распределба на основни вештини со броеви




### Основни вештини со броеви според квинтилот на богатство

| Квинтил на богатство | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Национално ниво** | 47 | 35 | 41 |
| Најсиромашен | 35 | 20 | 28 |
| Втор | 42 | 30 | 37 |
| Среден | 50 | 49 | 50 |
| Четврти | 54 | 35 | 42 |
| Најбогат | 64 | 49 | 57 |

# Податоци за вештини за читање и броеви во МИКС

- Со модулот Основни вештини за учење се врши директна проценка на способностите за читање и вештини со броеви на децата. Тој е дизајниран да ги оцени основните вештини за учење што се очекуваат по завршувањето на второто одделение од основното образование, со што придонесува за индикаторот ЦОР 4.1.1(а).
- Овој модул е дел од Прашалникот за деца на возраст 5-17 години, со кој се анкетира едно случајно избрано дете во секое домаќинство. Со модулот се опфатени деца на возраст 7-14 години.
- Оценувањето на читањето во модулот се состои од пасус за читање и збир од прашања за разбирање поврзани со прикажаната. Оценувањето е приспособено во секоја земја за да се осигури дека вокабуларот и културните референци се релевантни и соодветни. Вештините со броеви се оценуваат преку четири задачи засновани на универзални математички вештини кои се очекуваат на ниво на второ одделение.
- Оценувањето на читањето во МИКС за Северна Македонија 2018-2019 година беше спроведено на македонски и албански јазик.
- Бидејќи со МИКС се прибираат и податоци за посетувањето училиште и за бројни карактеристики на лицата и домаќинствата, како што се локацијата, социо-економскиот статус на домаќинствата и етничката припадност, може да се идентификуваат најмаргинализираните подгрупи на деца за поддршка за подобрување на резултатите од учењето.

## Учество на родителите: околина за учење дома

### Деца што имаат 3 или повеќе книги за читање дома




### Деца што читаат книги или им се чита од книги дома




### Деца што добиваат помош со домашните задачи




## Учество на родителите во училишни активности




*Во Северна Македонија, училишниот одбор е управен орган составен од седум члена: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник на основачот. Само членовите на училишниот одбор можат да присуствуваат на состаноците свикани од раководното тело. Затоа, резултатите треба да се толкуваат имајќи го предвид овој факт. Ве молиме погледнете го Извештајот со наодите од истражувањето за повеќе информации..

Мултииндикаторското кластерско истражување во Северна Македонија (МИКС) беше спроведено во 2018-2019 година од страна на Државниот завод за статистика, како дел од глобалната програма МИКС. Стручна поддршка обезбеди Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ), со финансиска поддршка на УНИЦЕФ, Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) и Британската амбасада.

Целта на овој преглед е да се објават избрани наоди од МИКС за Северна Македонија 2018-2019 година поврзани со учењето во раните одделенија и учеството на родителите. Податоците од овој преглед може да се најдат во табелите LN.3.1, LN.3.3, LN.4.1 и LN.4.2.

Дополнителни статистички прегледи и Извештајот со наодите од ова истражување и други истражувања се достапни на mics.unicef.org/surveys.